ТРАНСПАРЕНТНОСТ БЕЗ ГРАНИЦИ

news letter

гласило на Транспарентост-Нулта Корупција , Скопје, Македонија | бр.4 март 2010

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НУЛТА КОРУПЦИЈА
TRANSPARENCY ZERO CORRUPTION

Royal Norwegian Embassy

partner of
TRANSPARENCY INTERNATIONAL

Транспарентост без граници е гласило на Транспарентност-Нулта корупција (ТНК), невладина организација од Скопје, Македонија, членка на семејството на НВО Транспаренси интеренешнл со седиште во Берлин. Гласилото е наменето за информирање за активностите на ТНК и за нотирање на најважните антикорупциски настани во Македонија во периодот помеѓу два броја.
Поддржано од Амбасадата на Кралството Норвешка во Република Македонија.

Проект

ПЕРЦЕПЦИЈА НА СТЕПЕНОТ НА КОРУПЦИЈА И МАКЕДОНИЈА

Напредокот на Македонија за само едно место на листата на земји во светот каде се мери перцепцијата на корупцијата во јавниот или приватниот сектор, всушност покажува забавување и олабавување на борбата против корупцијата

Како и секоја година и во 2009 Transparency Internacional, коалиција на граѓанското општество која ја предводи борбата против корупцијата, го претстави Глобалниот извештај за корупцијата, кој од страна на ТНК беше презентиран и во Македонија. Извештајот за 2009, кој се однесува на искуството на граѓаните со корупциски активности во 69 земји, се однесува на ставовите на граѓаните за корупцијата во приватниот сектор, и нивото на корупцијата во шест институции (политичките партии, јавните службеници,/државни службеници, парламентите и пратениците, бизнисот, судството и медиумите). Карактеристика на минатогодишниот Глобален извештај беше тоа што TI го посвети на корупцијата во приватниот сектор, каде што корупцијата беше опфатена од најразлични аспекти.

Македонија формално напредува – дефакто тапка во место

Покрај глобалниот извештај, TI и ТНК го претставија и Индексот за перцепција на корупцијата. Во однос на Македонија, резултатот формално е позитивен, затоа што Индексот на перцепцијата на корупцијата (CPI) од 3,8 покажува напредок на Македонија на глобалната листа во однос на 2008 година за едно место, и така

ИПК 2009: Југоисточна Европа и Централна Азија

Rank	Regional Rank	Country / Territory	CPI 2009 Score	90% Confidence Interval		Surveys Used
				Lower bound	Upper bound	
61	1	Turkey	**4,4**	3,9	4,9	7
66	2	Croatia	**4,1**	3,7	4,5	8
66	2	Georgia	**4,1**	3,4	4,7	7
69	4	Montenegro	**3,9**	3,5	4,4	5
71	5	Republic of Macedonia	**3,8**	3,4	4,2	6
83	6	Serbia	**3,5**	3,3	3,9	6
89	7	Moldova	**3,3**	2,7	4.0	6
95	8	Albania	**3,2**	3.0	3,3	6
99	9	Bosnia and Herzegovina	**3.0**	2,6	3,4	7
120	10	Armenia	**2,7**	2,6	2,8	7
120	10	Kazakhstan	**2,7**	2,1	3,3	7
120	10	Mongolia	**2,7**	2,0	3,0	7
139	13	Belarus	**2,4**	2,0	2,8	4
143	14	Azerbaijan	**2,3**	2.0	2,6	7
146	15	Russia	**2,2**	1,9	2,4	8
146	15	Ukraine	**2,2**	2.0	2,6	8
158	17	Tajikistan	**2,0**	1,6	2,5	8
162	18	Kyrgyzstan	**1,9**	1,8	2,1	7
168	19	Turkmenistan	**1,8**	1,7	1,9	4
174	20	Uzbekistan	**1,7**	1,5	1,8	6

земјата се најде на 71 место од преку 120 земји.
Но ако се споредат индексите и позициите на Македонија во претходните четири години, всушност, се доаѓа до заклучокот дека напредокот е само привиден, а суштината е дека Македонија забавува или најблаго речено тапка во место во борбата со корупцијата. На пример, ако се земат резултатите од 2006, кога земјата отиде најдолу, позиционирајќи се на 105 место, ќе се види дека во наредната 2007 направила огромен скок, заземајќи го 84 место на листата на оценувани земји. Веќе во наредната 2008 година, процесот на добра борба со корупцијата е видно забавен, бидејќи скокот е многу помал и сме се пласирале на 72 место, за во 2009, перцепцијата да покаже дека тој процес е максимално забавен и тапка во место, затоа што искачувањето на табелата е само за едно место и Македонија е пласирана на 71 место. Впрочем и самиот индекс од 3.8 поени кажува сам по себе дека корупцијата и натаму е мошне сериозен предизвик за Македонија, бидејќи скалата се движи од 1 до 10, со тоа што, 10 означува најдобар резултат во борбата со корупцијата.

Во регионот сме на средина

Мала утеха е тоа што Македонија е на средина на листата ако се гледаат само земјите од регионот. Најдобро пласирана е Турција која со индекс од 4.4. се наоѓа на 61 – то место. По нејзе следува Хрватска со многу сличен индекс, 4.1, со кој го „освоила“ 66 место, исто како и Грузија со истиот индекс.
Пред Македонија со индекс од 3.9 е Црна Гора, која е пласирана на 69 –то место, а зад Македонија со 3.5 е Србија, која е пласирана на 83 место.
Со пониски индекси и послабо рангирани се Молдавија, Албанија и Босна и Херцеговина, која е последна од регионов и е пласирана на 99 – то место.

Активности

АНКЕТИ И ЈАВНИ ДЕБАТИ

Антикорупциските напори се поефикасни кога проблемот ќе се истражи од различни аспекти. Знаејќи го тоа Транспарентност –Нулта корупција во изминатата 2009 спроведе повеќе истражувања преку анкети, а дополнителни сознанија, заклучоци и сугестии произлегоа и од јавните дебати што ги оддржа на различни теми

Анкетите како метод на работа врз конкретна материја, ТНК во 2009 ја спроведе неколку пати, при што тука ќе наведеме пет примери. Првата анкета се однесуваше на истражување на мислење извршено со претставници од стручната јавност, значи експерти во своите области и други граѓани и е спроведено во рамките на проектот „Перманентен антикорупциски мониторинг на клучните приоритети во претпристапниот процес кон Европската унија".

Анкета за приоритетите за Македонија

Целта на анкетата извршена во февруари 2009 беше да се дојде до информација за ставовите на граѓаните за клучните приоритети за Македонија наведени

во есенскиот извештај на Европската комисија од 2008 година. Воедно, цел беше да се споредат тие информации со извештајот на Комисијата кој следеше во периодот по анкетата.
При крајот на 2009 беа спроведени уште четири анкети и тие беа поврзани со темите кои беа обработувани во отворените ТВ дебати „Круг" што ТНК ги спроведе со независна продуцентска куќа, а кои беа емитувани на А1 ТВ, со национална концесија.
Испитувањата на јавното мислење се однесуваа на работата на судството во РМ, на темата дискриминација во Македонија, на проблемот со името што го имаме со Грција, како и на состојбите во здравството.

Дебати

Како и анкетите и дебатите што ги организираше ТНК имаа за цел и пружија конкретни сознанија и заклучоци за одредени проблеми. Првата дебата што ТНК ја организираше лани во март повторно беше поврзана со приближувањето на Македонија во ЕУ. Темата на тркалезната маса беше „Изборите, нов критериум за влез на Македонија во ЕУ". Покрај другите еминентни гости на оваа дебата, учество зема и амбасадорот на Кралството Норвешка во Македонија, неговата екселенција Carl Wibye. За оваа јавна дебата, беше подготвена анализа на постоечките закони и прописи во врска со изборите и целиот изборен процес.

Интересни дебати се водеа и во Охрид на големата регионална конференција на ТІ за Европа и Централна Азија, а во организација на македонската Влада и ТНК, што се одржа од 15 до 17 Јуни 2009 година, а за што може детално да се информирате на сајтот на ТНК.

Како Македонија да дојде до суштински реформи во судскиот систем беше темата на втората голема дебата што ТНК ја организираше во септември 2009 година. На тркалезната маса учествуваа претставници на судството на различни нивоа, но и претставници на невладиниот сектор и граѓаните кои ги изнесуваа своите ставови околу тоа зошто судството се уште го сметаат за многу корумпирано. Покрај министерот за правда, претседатели и заменици на судови во Македонија, учество земаа и Народниот правобранител, како и новинари кои го следат судството. И по оваа дебата произлегоа заклучоци кои беа подготвени од страна на ТНК и учесниците.

Третата голема дебата ТНК ја организираше при крајот на 2009 во Мавровo, а се однесуваше на подобрување на изборниот систем во Република Македонија. Оваа, практично, работилница, што се оддржа во ноември, е тесно поврзана со анализата што ТНК ја изработи по одржувањето на првата дебата. На дводневниот собир учество земаа преставници на сите политички партии, претставници на државни институции, претставници на невладината организација МОСТ која се занимава исклучиво со мониторинг и анализа на изборите и изборниот процес и други. Работилницата ја отвори амбасадорот на Норвешка, н.е Кјатил Паулсен.

Проект

ALAC – КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ПРАВНИ СОВЕТИ ОКОЛУ КОРУПЦИЈАТА

Регионален проект кон кој успешно се приклучи и ТНК, резултираше со 170 поплаки на граѓани за нецела година

Транспарентност Нулта корупција во текот на 2009 успешно реализираше уште еден регионален проект, кој е со големо практично значење и придонесува како и за помош на граѓаните, така и за поширока афирмација на борбата против корупцијата.

Станува збор за отворање на канцеларија каде секој граѓанин жртва или сведок на корупција може да се обрати со барање, пред се за правна помош. ТНК тоа го овозможи преку телефон, пошта или директно обраќање на граѓаните од Македонија, кои претходно преку информативна кампања беа известени за постоењето на канцеларијата.
Напорите вродија со плод, така што за нецела година, во текот на 2009, во ТНК се обратија 170 граѓани, кои се пожалија дека се жртва на корупција. Од пријавените поплаки, 120 граѓани беа повикани во канцеларијата на дополнителни консултиции, по што 60 случаи се отворени и во однос на нив се водат разни постапки, благодарејќи на правната и друг вид помош што им ја овозможи ТНК.
Повеќето од граѓаните се обраќаа преку телефон (70 случаи), во 50 случаи имавме директна посета на канцеларијата, 23 пријави стигнаа по електронски пат, а останатите, по други начини на комуникација.

Центрите за информација и правни совети во Југоисточна Европа – ALAC's се регионален проект на Transparency International, со кој се опфатени Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Молдавија и Србија.

Тие служат како места каде жртвите и сведоците на корупција пријавуваат случаи на корупција и добиваат практични правни совети за да покренат официјална жалба до релевантните национални институции.
Центрите покажаа дека граѓаните активно се вклучуваат во борбата против корупцијата кога е овозможен едноставен и веродостоен механизам да го направат тоа.

Во рамките на македонскиот проект, ТНК изработи и публикација насловена како "Прирачник за полесно остварување на правата на граѓаните пред државните институции".

Проект

КУЛТУРА НА ЗАКОНОТ НАСПРОТИ КОРУПЦИЈАТА

Четири активности со големо вклучување на јавноста се составен дел од проектот „Култура на законот наспроти корупцијата“, кој ТНК го спроведуваше во 2009 година

Станува збор за проектите „Бистро – Матно“, за издавање на електронски весник, за активностите на Коалицијата Македонија – Нулта корупција и за организирање јавна дебата во врска со темата “Како Македонија да дојде до суштински судски реформи”
Сите четири активности, иако различни по природа и методолошка изведба, имаат иста заедничка цел – зголемување на свесноста на потребата за борба против корупцијата и за владеење на правото, како најефикасна мерка за справување со проблемот.

Поврзаноста на медиумите со политичките партии

Во рамките на првиот проект „Бистро – Матно“, кој

Електронски весник

Една од проектните активности беше и издавањето електронски весник, кој има за цел да ги популаризира активностите на Транспарентност Нулта корупција и да ја зголеми свесноста за борба против корупцијата до што поголем број субјекти. Значи, електронскиот весник треба да изврши еден вид дисеминација на антикорупциските активности што се под капата на ТНК, но и да известува за настани поврзани со борбата против корупцијата воопшто. Досега, во рамките на оваа проектна активност се издадени четири броја на електронскиот весник.

ТНК го спроведува веќе со години, во 2009 успешно беа оценувани „најматни“ и „најбистри“ корупциски или антикорупциски настани и активности. Овој проект ТНК го спроведува со новинската агенција Макфакс на тој начин што секој месец се избира по еден негативен и по еден позитивен настан, а на крајот на секоја година се избираат такви настани на годишно ниво.

Методологијата на работа овозможува голема објективност во оценувањето, затоа што настаните, по предлог на ТНК и Макфакс, ги оценуваат главните уредници на над петнаесет национални медиуми. Откако настаните ќе бидат избрани, веста со образложението ја објавуваат медиумите кои учествувале во изборот, но и многу други, со што се овозможува зголемување на критичката свест кај граѓаните и се предупредуваат актерите на корупциските скандали дека сепак се набљудувани.

За „најматен“ корупциски настана во 2009 по претходно опишаната методологија беше прогласен „Медиумите како најголем донатор на политичките партии во изборните кампањи“.

„Најбистар“ настан во доменот на антикорупцијата пак, е прогласена одлуката на Апелациониот суд да ја укине пресудата на првостепениот суд против странскиот инвеститор ЕВН (сопственик на дистрибутривната мрежа за електрична енергија), со која, оваа компанија требаше да плати над 200 милиони евра на сметка на отштета на ЕЛЕМ – државна компанија за производство и трговија со електрична енергија.

Коалиција за нулта корупција

Повеќе невладини организации кои се занимаваат со унапредување на човековите права и демократските процеси во Македонија на иницијатива на ТНК, а во рамките на проектот Култура на законот наспроти корупцијата, во 2008 година формираа коалиција.

Оваа здружување со формално име Коалиција Македонија-Нулта корупција, е направено со цел да се зацврсти организационо, по хоризонтала, граѓанскиот сектор во делот на превенција и борба против корупцијата и да се засилат капацитетите на антикорупциското дејствување на граѓанските организации на регионално и локално ниво. Една од целите, со оглед дека има различно профилирани граѓански организации, е и зацврстување на свеста за системот на добро владеење. Крајната цел е, се разбира, подобар живот на сите граѓани.

Во рамките на активностите на коалицијата, на 9-ти декември 2009 година, меѓународниот ден за борба против корупцијата, членките на коалицијата земаа учество во акцијата што се спроведе низ цела Македонија, „Кажете и НЕ на корупцијата“.

Јавна дебата

„Како Република Македонија да дојде со суштински судски реформи“, беше насловот на јавната дебата што ја организираше ТНК во рамките на проектот „Култура на законот наспроти корупцијата“, како дел од проектните активности во 2009 година. Потребата за организирање на ваква дебата произлезе од искуствата на проектот ALAC, односно од големиот број поплаки на граѓаните до Канцеларијата што ја отвори ТНК, и кои во голем процент се жалеа токму на појави на корупција и неефикасност во судскиот систем.

Проект

ТНК И БИЗНИС СУБЈЕКТИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

По трет пат минатата година ТНК во соработка со стопанските комори во земјава додели сертификати за добро корпоративно управување

Проектна активност на ТНК во минатата година со голем број надворешни субјекти беше и доделувањето сертификати за добро корпоративно управување.

Оваа активност се спроведе во соработка со Стопанската комора на Република Македонија и Стопанската комора на Северозападна Македонија, а во рамките на имплементација на претходно потпишаната Декларација за Нулта толеранција за корупцијата.

По претходно утврдена методологија, комисијата за избор на компаниите реши да додели сертификати на **Комерцијална банка**, на **Охридска банка**, на **ЕВН Македонија**, на **Про Кредит банка**, на **Инет** и на **Ренова**.

Проект

ОТВОРЕНИ ТВ ДЕБАТИ - КРУГ

Корупцијата преку ТВ дебати да стане што повидлив проблем, а притоа да се негува културата на толерантен и аргументиран дијалог. Уште една проектна активност на ТНК...

За прв пат од постоењето, Транспарентност Нулта корупција влезе во проект кој се реализира преку телевизија. Станува збор за серија дебатни емисии на одредени теми, емитувани на национален телевизиски канал и тоа во гледан термин.

Целта беше да се промовира културата на отворена, конструктивна дебата за различни прашања, помеѓу интелектуалци, креатори на мислење, практичари, активисти на граѓанското општество, и други учесници.

Темите што ги понудивме во рамките на овој проект, формално насловен како Транспарентност Нулта корупција - отворени дебати (Круг), беа внимателно избрани и се однесуваат на проблеми што ги мачат македонските граѓани во актулениот миг. Во четирите емисии се разговараше за проблемите во судството, за дискриминацијата, за здравството и за непризнавањето на името на Република Македонија од страна на Грција.

Последната дебата, за името, беше интересна и од аспект што во нејзе на различен начин беа вклучени странски претставници. Гости во ТВ дебатата беа интелектуалци од соседна Грција, додека во реализација на самата емисија од продукциски и новинарски аспект беа вклучени продуцент и новинар од Холандија, први луѓе на една од најпопуларните холандски дебатни емисии (Rondom 10), кое се емитува повеќе од една деценија.

Овој проект кој се реализираше со ТВ новинарот Борјан Јовановски траеше од октомври 2009 година до јануари 2010 година.

Проект

АНТИКОРУПЦИСКИОТ МОНИТОРИНГ И ПАТОТ КОН ЕУ

Активност која побуди голем интерес во стручната и граѓанската јавност на Македонија, а која беше спроведувана од Транспарентност Нулта корупција, беше вклучувањето на антикорупциското мониторинг во претпристапниот процес кон ЕУ

ТНК во овој проект, кој се покажа интересен и за другите земји кандидати или аспиранти за членство во ЕУ, започна со изработката на систематизација на мониторинг пристапот востановен од Transparency International. Проектот, кој официјално се вика „Перманентен антикорупциски мониторинг на клучните критериуми во ЕУ прет-пристапниот процес", беше изведен во соработка со ТІ од Берлин, по што се дојде до крајниот резултат, односно до согледување за големото влијание на корупцијата во процесот на пристапување кон Унијата.

Активности на проектот

Проектот се реализираше преку пет главни групи на активности, кои се движеа од развивање на методологија, до зголемување на свесноста кај

граѓаните за важноста од проблемот со корупцијата.

Првата активност беше „развивање на индикатори за антикорупциски мониторинг".

Следна активност беше „подигање на свеста за корупција како сериозен криминален злостор", по што следуваше „воспоставување на соработка помеѓу антикорупциски организации на граѓанското општество", и како последна проектна активност беше „поттикнување на поголемото учество на граѓаните во борбата против корупцијата".

За потребите на овој проект е изработена брошура која ги опфаќа истражувањата во овој проект, сите негови фази и резултати.

Регионална конференција

Колкаво е значењето на овој проект иницира и спроведен од ТНК со помош на ТІ, зборува фактот дека тој имаше и голем одзив на регионално ниво. Во организација на ТНК, во Скопје се одржа меѓународна конференција на која учествуваа претставници на ограноци на ТІ од осум земји земји од регионот, плус експерти од Словенија и претставници на централата на ТІ од Берлин.
Конференцијата наречена „Самит за индикатори" беше оддржана од 22 до 24 мај 2009, со присуство на претставници од домаќинот Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Србија, Турција и Хрватска.

Целта на конференцијата беше развивање на методологија и систем на индикатори кои ќе овозможат воедначено следењето на напредокот во антикорупциските мерки во земјите од регионот, аспиранти за членство во Европската Унија.

Оценката на бордот на ТНК беше дека е успешно спроведен прилично сложен проект од организациски аспект, кој придонесе за натамошно афирмирање на ТНК во домашната и меѓународната јавност.

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НУЛТА КОРУПЦИЈА
TRANSPARENCY ZERO CORRUPTION